








Ликовните критичари и уметничката сцена во Македонија

# Кино Напредок

*Сашо Талевски*

Од поодамна ликовната сцена во Македонија е мртва, а уште во поголемо мртвило се наоѓаат ликовните критичари и кураторите коишто од ликовните институции си направија приватни кружоци без никаков критериум и без никакви вредности во квалитетот на делата на нивните уметници-галеничиња. Веќе подолго време во галериите се сервираат дела без никаква инспирација, без подлабок и комплексен приодот кон идеите, со уште победна разработка. Врв на комедијата "македонска ликовна сцена" беше изборот за Венецијанско биенале.

Ликовните критичари го иструрија гневот врз уметниците во книгата "Уметникот и општествената стварност", со право обвинувајќи ги за недоволна, или никаква, ангажираност во нивните дела, сé уште занесувајќи се со некакви метафизички простори, безвременски времиња, релативни релативитети и слични баналности. Но, прашање на време беше кога и самите ликовни критичари и куратори ќе се најдат на критика во делата на уметниците поради нивната инерција и тотално незнаење, креирајќи ја ликовната сцена преку форсирање блиски пријатели наместо квалитет.

Во изложбениот салон на "Точка" минатата година групата ОПА (**Денис Сарагиновски** и **Дана Стевческа**), со перформансот "Арс Селективе" ја отвори темата за состојбите и нивото на ликовната уметничка сцена во Македонија, со посебен акцент на кураторите и ликовните критичари, исмевајќи ја затвореноста на институциите и површноста и кај едните и кај другите.

Минатата недела во истиот изложбен салон, на иста тема, преку своите дела проговорија и **Станко Павлески** и **Томе Аџиевски**, под заеднички наслов "Кино Напредок".

Како прилог кон двете спомнати изложби и кон самата тема "македонска ликовна сцена", во продолжение, наместо коментар ви пренесуваме еден расказ на српскиот ликовен уметник, **Раша Тодосијевиќ**, кој творејќи и пишувајќи за уметноста во 70-те, учествуваше во создавањето на новата уметничка клима во тогашната ликовна сцена во Белград. ■

---

# Сликарот и уметничкиот критичар

Познавав еден сликар кој имаше дупка во главата. Уште од далеку можеше да се процени дека дупката е широка и длабока речиси колку и чаура на еден куршум. Иако никогаш не е докажано, злонамерниците раскажуваат дека таа со годините му станувала уште поголема. Нема да биде отповеќе ако патем спомнам и еден уметнички критичар, кој, исто така, имаше дупка на главата, на исто место и со еднакви димензии како и сликарот. Секогаш кога двајцата ќе се сретнеа, дупките без некоја видлива причина, како по некоја таинствена команда, во ист час, сами од себе, ќе почнеа да свират. Сликарот тогаш ќе ги начурлеше ушите, критичарот исто така, па двајцата, држејќи се за рацете, неизмерно уживаа слушајќи како им свират дупките.

*(Од книгата "Весела кабалистичка корачница", во издание на "Цицеро", Белград, 1997 г.)*